**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

бр. 1002-123/9
од 07.05.2019 год.

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општина Свети Николе го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
по **Предлог планот за УПС Преод, КО Преод, Општина Свети Николе**

Планскиот опфат за кој се работи предметната урбанистичка документација го опфаќа целиот населен простор.

- **На север** границата на планскиот опфат минува по северните граници на КП бр. 1738/1, КП бр. 1739, тангира локален пат и продолжува по северните граници на КП бр. 1726, КП бр. 1725, КП бр. 1723, КП бр. 1722. Оттука минува низ КП бр. 1719/1, КП бр. 1719/3, КП бр. 1719/4, КП бр. 1718, КП бр. 1715, КП бр. 1714, КП бр. 1727, источно од КП бр. 1713, покрај локален патен правец, сече воден тек и продолжува по северните граници на КП бр. 1870, КП бр. 1873, КП бр. 1874, КП бр. 1875 се до КП бр. 1876.
- **На исток** границата минува по источната граница на КП бр. 1876, КП бр. 1877, го сече патот кој води кон с. Сопот, продолжува по источните граници на КП бр. 1885, КП бр. 1886, КП бр. 1888 и тангира локален патен правец до КП бр. 1889.
- **На југ** границата минува по јужните граници на КП бр. 1889, КП бр. 1890, тангира локален патен правец, сече воден тек се до јужните граници на КП бр. 1788 и КП бр. 1789.
- **На запад** границата се движи по западната граница на КП бр. 1790, КП бр. 1795/4, минува низ КП бр. 1795, локален патен правец и се движи низ границите на КП бр. 1739, КП бр. 1738/1.

Планскиот опфат е со површина од **23,5 ха.**

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог планот за УПС Преод, КО Преод, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина Свети Николе, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Свети Николе и на јавно место кое се наоѓа во кругот на месната самоуправа.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **15.05.2019** година во **11:00** часот во просториите на Општина Свети Николе.

Јавната анкета ќе трае **пет работни дена** од денот на одржувањето на јавната презентација, односно почнувајќи од **16.05.2019** заклучно со **22.05.2019** година во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

***Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште***

***Одделение за урбанизам и заштита на животната средина***

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

м-р Сашо Велковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ *